# Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност

**Член 1**

Во Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија“ број 48/2002, 135/2007, 53/11, 164/13, 43/14 и 149/15) во членот 4-а став (4) точка 5 во алинејата 4 запирката се заменува со сврзникот „или“.

Во алинеја 5 сврзникот „или“ се заменува со точка.

Алинеја 6 се брише.

**Член 2**

Во членот 6-г став 2 зборовите: „директорот на“ се бришат.

**Член 3**

Во членот 6-ж став 2 зборовите: „директорот на“ се бришат.

**Член 4**

Во членот 7 став 6 се брише.

Ставот 7 се менува и гласи:
„Образецот на барањето од ставот 3 на овој член и потребната документација за издавање на дозволите од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за здравство во согласност со министерот за информатичко општество и администрација.“.

Ставовите 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22 и 23 се бришат.

Ставовите 24, 25 и 26 стануваат ставови 8, 9 и 10.

**Член 5**

Во членот 11 став 2 зборовите: „осум дена“ се заменуваат со зборовите: „15 дена“.

**Член 6**

Во членот 11-а став 2 зборовите: „директорот на“ се бришат.

**Член 7**

По членот 32 се додава нов член 32-а, кој гласи:

„Член 32-а

Глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во Дирекцијата кое нема да донесе решение односно дозвола во роковите утврдени со членот 7 став 5 од овој закон.“.

**Член 8**

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 9**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 10**

Одредбите од членовите 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општа управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

**Член 11**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.